Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 101/25, 40/25, 127/25, 134/26 и 212/26), Градоначалникот на Општина Виница донесе:

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 11-479/7
30.10.2026 год

О Д Л У К А

За организирање Јавна презентација и Јавна анкета на нацрт-**Детален Урбанистички план за дел од Блок 11 во опфат помеѓу ул. "Љупчо Сантов", ул. "Стив Наумов", ул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" и крак на ул. "Љупчо Сантов", КО Виница, Општина Виница**

Член 1

Со оваа одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета на нацрт Детален Урбанистички план за дел од Блок 11 во опфат помеѓу ул. "Љупчо Сантов", ул. "Стив Наумов", ул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" и крак на ул. "Љупчо Сантов", КО Виница, Општина Виница

Член 2

Соопштение за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација ќе биде објавено на web-страницата на општината и преку информацискиот систем е-урбанизам.

Член 3

Времето на излагање на планот ќе трае 32 работни дена со почеток од **16.11.2026** год. до **17.12.2026 год**. Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица своите забелешки, предлози и мислења можат да ги донесат на посебни анкетни листови (можат да добијат во Општински центар за услуги при општина Виница) и во елелтронска форма преку информацискиот систем е- урбанизам.За повеќе информации сите лица можат да се обратат во Одделението за урбанизам во просториите на Општина Виница.

Јавната презентација на Предлог планот ќе се одржи на ден **25.11.2026 година** со почеток во 12:00 часот во Салата за состаноци на четврти кат во зградата на Општина Виница.

Член 4

Предлог –планот ќе биде изложен на излогот на Интернет клуб на Општина Виница, ул.Маршал Тито бр.13 и Огласната табла пред Општина Виница – Бел Камен бр.13 Виница и околу подрачјето на планскиот опфат.

Член 5

Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето.

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Митко Костадиновски
